МЕНТОРИ НА СПЕЦИЈАЛИЗАНТИ ПО СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА

Менторот треба:

- Да ја познава шемата за специјализација по семејна медицина во Македонија;
- Да има подучувачки вештини (да поминал курс за едукатори /ментори/ наставници);
- Да биде посветен на наставата;
- Да има искуство како лекар (најмалку 10 години во ординација);
- Да биде активен во континуираниот професионален развој и осигурување на квалитет (собрани кредити од КМЕ);
- *Да одржува висок стандард на медицинска нега во својата ординација*;
- Да обезбеди пристап до медицински информации за специјализантот (на пример библиотека, интернет);
- *Да има доволен број пациенти со разни акутни и хронични состојби;*
- *Да има добра опрема и простории во ординацијата;*
- *Да има добро организирана и квалитетна медицинска евиденција;*
- Да претставува пример за специјализантот;
- *Да има добро претходно искуство со специјализанти (да биде препорачан од специјализанти или колеги).

Задачи на менторите во водењето на специјализантите (кандидатите на доедукација):

- Следење на спроведување на планот и програмата за специјализантите (кандидати на доедукација)
- Обезбедува дополнителни активности и е одговорен во соработката со едукаторите на специјализантот да му овозможи да ги исполни вештините од планот и програмата за специјализантите и да успее да ги совлада знаењата и вештините во текот на специјализацијата.
- Менторот го потврдува успешно совладаниот дел од специјализацијата (турнусот) со што специјализантот се стекнува со можност да ја продолжи специјализацијата.
- Ако специјализантот не го совлада успешно делот од специјализацијата се продолжува со времето потребно за совладување на соодветниот дел од специјализацијата
- Специјализантот е должен да го повтори целиот или дел од турнусот, ако менторот процени дека усшешно не ги совладал знаењата и вештините од планот и програмата.
- Спроведувањето на повторниот турнус или дел од турнусот паѓа на товар на специјализантот.

Ако во период од пет години најмалку двајца специјализанти кај еден ментор, односно едукатор со успех не ги совладале одделните вештини од планот и програмата за специјализациите, односно субспецијализациите на менторот, односно едукаторот му се одзема овластувањето за вршење на работите на ментор, односно едукатор.

Менторот е должен секој месец до Центарот за семејна медицина и до специјализантот да достави месечен извештај.